Овој проект е финансиран од Европската Унија

# Е-Билтен бр.17

## Јануари 2019

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на АкРРа (Акција за рурален развој) и во никој случај не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.



**Национален рурален парламент како глас на руралното население**

Ул.:„Коста Веселинов„ бр. 3а,
1000 Скопје
Р. Македонија
Т: +389 (2) 3075 506
F: +389 (2) 3075 503
email: info@ruralnet.mk
zg.akrra@yahoo.com

Партнери на проектот

CNVP

МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АкРРа АКЦИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

# Развивање на потенцијалот за истражување и застапување кај граѓанските организации

Во периодот од февруари до декември 2018 година преставници од 52 граѓански организации, од 8-те плански региони на Република Македонија учествуваа на повеќе работилници поврзани со градење на капацитетите на организациите, креирање на политики за рурален развој, застапување и лобирање. Овие работилници беа организирани во рамки на проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население“, спроведуван од CNVP, Мрежата за рурален развој на Република Македонија (МРР на РМ) и Акција за рурален развој (АкРРа). По завршување на циклусот на работилници, од секој плански регион беа избрани по неколку организации, кои беа вклучени во процесот на изработка на кратки документи за политиките за рурален развој.

Во истиот период беше спроведено и истражување во 8-те плански региони преку кое се идентификуваа проблемите и предизвиците со кои се соочува руралното население. Вкупно 840 претставници на невладиниот сектор и локалната самоуправа беа вклучени во истражувањето. Добиените податоци беа анализирани со цел да се дефинираат теми, актуелни и релевантни на потребите на руралното население во секој регион.

Граѓанските организации кои беа активни учесници во циклусот работилници за градење на капацитетите, понатаму беа вклучени во тренинг процес и менторска поддршка за креирање на кратки документи за политиките за рурален развој, во согласност со темите дефинирани преку истражувањето.

Капацитетот и вештините на руралните граѓански организации за препознавање и решавање на предизвиците во нивната област на дејствување, е особено слаб. Недостатокот на соодветни вештини за застапување доведува до потешкотии во отворањето дебати и покренување прашања од интерес и значење на локалната заедница. Последователно, придонесот и влијанието на руралните граѓански организации за промена на сегашната ситуација и политиките за рурален развој се ограничени и затоа, од клучно значење е развојот на нивните знаења, аналитички, презентациски и менаџерски вештини.

Целта на процесот на менторирање на граѓанските организации беше да се научат да подготват кратки документи на политиките, во случајов за претходно идентификувани теми од областа на руралниот развој.







На ваков начин им се овозможи на организациите да развијат брзи и релевантни информации за локалниот развој на руралните заедници, можностите за финансирање поврзани со руралниот развој и влијанието врз руралните области. Овој процес дополнително им помогна на организациите да ја информираат јавноста во врска со политиките за рурален развој и да ја подобрат соработката со медиумите и другите заинтересирани страни од руралните средини.

Темите, врз основа на кои се креираа кратките документи за политики, произлегоа од претходно направената анализа, и се специфични за регионот на кој се однесуваат.

| **Регион** | **Идентификувани теми од анализата** | **Наслов на краткиот документ за политики** | **НВО** |
|---|---|---|---|
| **Источен регион** | Подобрување на социо-економските услови преку мобилизирање на средства и создавање можности за инвестирање во приватниот бизнис сектор на источниот рурален регион. | Развивање на туризмотво регионот Малеш-Пијанец | -Здружение-Центар за лековити билки и шумски плодови-Амброзија<br>-Едукативен центар за зачувување на природата-с.Негрево<br>-Организација на жени на Општина Пехчево |
| **Северо-источен регион** | Подобрување на конкурентноста на локалното производство преку поддршка на малите и средни претпријатија за потребите на локалното население | Подобрување на конкурентноста на локалното производство и одржлив развој | -Здружение за рурален развој и Локална Акциона Група –Абер 2015 |
| **Скопски регион** | | | |
| **Пелагониски регион** | Обезбедување на инвестициски можности за младите за органско пoризводство и развој на рурален туризам, со цел да се подобри економичноста и да се создадат подобри социо-економски услови во пелагонискиот регион | Производство на органска храна како алатка за рурален развоји создавање на поволни социоекономски услови во пелегонискиот регион | -Здружение за заштита, едукација и промоција на храна-Слоу фуд Битола<br>-Пчеларско здружение -Нектар |
| **Полошки регион** | Подобрување на услугите ориентирани кон младите (здравствена заштита, детски градинки, културни манифестации, зачувување на традицијата, образование) со цел да се создаде подобра средина за светла иднина на младите | Како да создадеме подобр средина за младите | -ЛАГ Скардус<br>-НВО Екопродукт-Тетово<br>-Младински култирен центар -Тетово |
| **Југозападен регион** | Воведување на диверзификација во земјоделското производство, со употреба на иновативни техники и практики «и зголемени можности за финансирање и мобилизирање на средства | Нови производи за локален развој во Охридско Струшкиот регион | -Мрежа на млади фармери<br>-Здружение ОРТЕТ-Куратица<br>-Рурбанкулт<br>-Здружение Матица-Струга |
| **Југо-источен регион** | Подобрување на културните манифестации и активности, како и зголемување на општите инвестициски можности со посебен фокус на малите ис редни претпријатија, со целд а се зголемат можностите за вработување на младите во руралните средини. | Креирање на можности за вработување на младите во руралните средини | -Здружение Круна плус<br>-ЦЕЛОР-центар за локален развој |
| **Вардарски регион** | Подобрување на јавните услуги (здраствени, финансиски, и осигурителни услуги) и зголемување на културните активности со цел да се зголеми атрактивноста на руралната средина во вардарскиот регион. | Зголемување на атрактивноста на руралните средини во Вардарскиот регион: Развој на сертифицирана област ц.Бегниште<br>Патот на органското грозје | -Здружение на граѓани ЕКОВИТА-Неготино<br>-Здружение на производители на органска храна БИОВИТА-Кавадар-ци |

Креираните документи од сите 7 плански региони, во понатамошните активности ќе бидат предмет на дискусија како дел од активностите на проектот.

Во рамките на програмата за ре-грантирање на проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население“ беа одобрени 10 проекти. Периодот на спроведување на истите е од септември 2018 до јануари 2019 година.

## 1. Назив на проектот:

# Руралните општини и жителите взаемно ја градат довербата и животот во локалната заедница

### Имплементатори:

- „Рурална Коалиција“ Куманово
- Здружение за развој, едукација и еколошка етика – „ПОЛИМАТ 13“

### Цели на проектот:

Зајакнување на капацитетот на граѓанските организации за активно вклучување во процесите на донесување одлуки и креирање на политики во општините Богданци и Кривогаштани.

Поттикнување на дијалог помеѓу граѓанските организации и локалните самоуправи во општините Богданци и Кривогаштани и воспоставување на процес на континуирана соработка.

### Активности:

Спроведувањето на проектот започна со утврдување на степенот на соработка помеѓу локалната самоуправа, месните заедници и граѓанските организации во двете општини, преку прашалници. Од податоците добиени преку пополнетите прашалници произлегоа темите за обуки кои беа дел од активностите на проектот:

- Обуки за раководење на проекти;

- Обука за стратешко планирање;

- Обука за мониторинг на јавни политики.

По завршување на обуките се одржаа форумски сесии и состаноци со засегнатите страни. Како завршна активност на проектот беше креирање на Стратегии за соработка на општините Богданци и Кривогаштани со граѓанскиот сектор.

www.rural.mk

https://www.facebook.com/RuralCoaliton/





## 2. Назив на проектот:

# Доживотно учење за Рурален развој



## Имплементатори:

- Здружение за унапредување и развој на образованието на возрасни „Мрежа за доживотно учење“ Тетово
- Здружение за рурален развој Локална Акциона Група ЛАГ „Скардус“, Јегуновце

## Цели на проектот:

- Зајакнување на капацитетите на чинителите за подобрување на состојбата во руралните средини, преку нивно вклучување во процесот на креирање на политики кои одговараат на нивните потреби.
- Зголемени знаења и вештини за искористување на мерки и програми за рурален развој.
- Преку вмрежувањето на различните чинители во заедницата, размена на искуства и добри практики од областа и на тој начин обезбедување на потребното know-how за поттикнување на руралниот развој.

## Активности:

Проектот започна со идентификување на организациите кои работат во областа на руралниот развој во Полошкиот регион. Во рамките на овој проект беа одржани обуки за застапување и лобирање, здружување и партнерства, можности за искористување на ИПАРД/ЛЕАДЕР програмите и обука за доживотно учење во контекст на руралниот развој. На завршната конференција беа претставени можностите за вмрежување на граѓанските организации од Полошкиот регион.

www.lagskardus.mk

www.facebook.com/lagskardus

Овој проект е финансиран од Европската Унија

## 3. Назив на проектот:

# Преку заеднички пристапи за застапување до успешен бизнис за земјоделци во Липково и Старо нагоричане

## Имплементатори:

- Мултиетничко и невладино женско здружение – „Линда“ Куманово
- Фондација за развој на мали и средни претпријатија, Куманово

## Цели на проектот:

Зголемување на нивото на заеднички настап на локалните граѓански организации во застапувањето и адресирањето на проблемите со кои се соочуваат земјоделците и локалното население во руралните општини Липково и Старо Нагоричане.

## Активности:

Целта на проектот се постигна преку реализација на обуките за организациски менаџмент и работа на здруженија, подготовка на ЕУ проекти, обука за застапување и вмрежување, организирање на инфо сесии, обуки за иновации во земјоделството и бизнисот, селекција на бизнис идеи и изработка на бизнис планови.





## 4. Назив на проектот:

# Туристички Е-Портал на руралните подрачја од Североисточен регион

## Имплементатори:

- Здружение за заштита на животната средина културно - историските знаменитости и човековото здравје „ИЗВОР“, Кратово
- Здружение „ЕКОКРАТЕР КРАТОВО“ - Кратово

## Цели на проектот:

Воспоставување одржлив механизам за градење партнерство помеѓу граѓанските организации, бизнис секторот и локалното население преку промовирање на националното и културното наследство во руралните подрачја на Североисточниот регион во сферата на руралниот туризам со цел зајакнување на влијанието на граѓанските организации во процесот на социоекономскиот раст во руралните средини.

## Активности:

Реализирањето на работилниците за туристички стандарди во руралната средина и креирањето на туристичкиот е-портал се дел од активностите на проектот „Туристички Е-Портал на руралните подрачја од Североисточен регион“. Овој проект ќе придонесе за подобрување на соработката меѓу граѓанските организации со локалната власт, бизнис секторот и локалното население со цел нивна поголема заедничка вклученост во процесите на руралниот развој во општините Кратово, Старо Нагоричане, Ранковце и Крива Паланка.

http://www.northeastregion.gov.mk

Овој проект е финансиран од Европската Унија

## 5. Назив на проектот:

# Јакнење на капацитетите на граѓанските организации заради постигнување повисоко ниво на одржливост и репрезентативна моќ



## Имплементатори:

- Здружение на производители на градинарски и цвеќарски видови „ХОРТИ ЕКО", Струмица
- Здружение за образовно-едукативни цели „ДМ ЛЕНГУИЏЕС"

## Цели на проектот:

Да се зголеми капацитетот на членовите на „Хорти Еко" и „ДМ Ленгуиџес" што ќе води кон нивно признавање како клучни играчи за застапување на интересите на руралните жители на локално, регионално и на национално ниво.

## Активности:

Како дел од проектот беа реализирани неколку активности:

- Обука за бизнис планирање за членовите на двете партнерски организации;

- Обука за финансиско знаење во земјоделството.

По завршувањето на обуките беа одржани 3 инфо сесии за формите на здружување во земјоделството на кои учествуваа земјоделски производители и граѓани од струмичкиот регион.

Како завршен настан беше организирана тркалезна маса со вклучување на сите засегнати страни во земјоделството заради разгледување на ефективните механизми за приближување и подобрување на соработката помеѓу граѓанските организации и локалните власти.

https://www.facebook.com/horti.eko.3

## 6. Назив на проектот:

# УСЛУГА+ - Финансиско зајакнување на локалните рурални организации преку зголемување на нивните капацитети за испорака на наплатливи услуги кон членството

## Имплементатори:

- Центар за одржливост и напредна едукација, Битола
- Здружение за одржлив развој „ПЕЛИСТЕР“, с. Ротино

## Цели на проектот:

Подобрување на капацитетите на локалните рурални организации за финансиско организациско работење, јакнење на капацитетите на локалните рурални организации за испорака на квалитетни услуги кон своето членство, вмрежување на локалните рурални организации од Пелагонискиот регион и зајакнување на меѓусебната соработка преку споделување на најдобри практики во областа на испорака на квалитетни услуги кон членовите.

## Активности:

Финансиско зајакнување на локалните рурални организации се постигна преку имплементација на активностите од проектот Услуга+. Во рамките на овој проект  се одржаа повеке обуки:

- Обука за финансиско организациско работење;
- Обука за креирање на водич за финансиско работење во организациите;
- Обука за креирање на пакети на услуги за членовите на граѓанските организации;
- Работилници за демонстрација и споделување на најдобри практики.

---

## 7. Назив на проектот:

# ОРГАНСКА ФАРМА - Рурална кохезија за зголемен потенцијал на руралниот туризам и одржлив економски рурален развој

## Имплементатори:

- Здружение „Креативен центар РУРБАНКУЛТ“, Струга
- Здружение на пчелари „МАТИЦА 2012“, Струга

## Цели на проектот:

Проектот има за цел да го поддржи развојот на руралните средини во струшко преку зајакнување на капацитетите на чинителите во земјоделството, пчеларството и руралниот туризам, за меѓусебно интегрирано дејствување во бизнис сферата, како и нивно поврзување за заеднички настап пред јавните, локалните и владините институции, со цел нивните потреби, барања и размислувања да станат дел од одлуките и политиките кои ги креираат институциите од оваа сфера.



## Активности:

Како активности на проектот кои беа имплементирани во изминатиот период се: формирање на движење за рурален развој, едукативни работилници за органско производство, Саем за мед и Саем за органска и традиционална храна.

www.matica.com

## 8. Назив на проектот:

# „Економско јакнење на руралните жени од различни етникуми од Источниот и Западниот регион“



## Имплементатори:

- Здружение на жени земјоделки „АГРО-ВИНКА“, Виница
- Здружение „Радика-Де“, Дебар

## Цели на проектот:

Преку воспоставување на подобра соработка и размена на искуства, едукација, промоција, соработка и заедничка заложба да ги поттикниме младите и жените од различни етнички заедници од Источниот и Западниот регион (општините: Виница, Дебар, Маврово - Ростуше и Центар - Жупа) да ги запознаат основите на претприемништвото и занаетчиството, да споделат искуства во двата региони, да развијат свои бизнис идеи и на тој начин да ги зголемат своите можности за економска независност. Истовремено преку искористување на добрите искуства и практики, ќе се мотивираат за започнување на семејни бизниси, со што ке се намали невработеноста и трендот на иселување на младите од овие рурални средини.

## Активности:

Во рамките на овој проект беа одржани повеке обуки:

- Обуки за претприемништво;
- Бизнис планирање;
- Креативни практични обуки за техниките на плетење, ткаење и везење.

Проектот го заокружи завршниот мултиетнички настан каде жените од двата региони имаа можност да ги промовираат сопствените производи и идеи.

www.darijarakotvorbi.mk

www.radikade.mk

Овој проект е финансиран од Европската Унија

## 9. Назив на проектот:

# Создавање иницијална листа со традиционални производи за одржливи рурални средини - СИЛОС

### Имплементатори:

- Здружение за заштита промоција и едукација за храна „Слоу Фуд Битола“, Битола
- Здружение за заштита и промоција на буковската пиперка „Президиум Буково“, Битола

### Цели на проектот:

Да се обезбеди појдовна основа за поголема видливост на локалните традиционални производи, преку воведување на ЛТП со можност за натамошно доградување, а оттаму и во улога на платформа за меѓусебна интеракција и вклучување на различни претставници од различните региони.

Да се иницира зголемување на свесноста кај граѓанските организации од двата региони за важноста на заедничките активности и комуницирањето со останати локални организации, институции и/или бизниси, преку спроведување на заедничка кампања и изразување заеднички ставови преку пишани документи.

### Активности:

Во рамките на проектните активности беше креирана листа со трдиционални производи. Листата воедно овозможува поголема видливост на овие производи и нивно промовирање преку кампањата која се спроведуваше во текот на имплементацијата на проектот.

www.slowfood.mk

https://www.facebook.com/slowfood.bitola?fref=ts

https://twitter.com/slowfoodmacedon

https://twitter.com/slowfoodbitola

https://mk.linkedin.com/in/slowfoodmacedonia

## 10. Назив на проектот:

# Фер кон природата

### Имплементатори:

- Здружение на граѓани „ЕКОВИТА“
- Здружение на производители на органски храна „Биовита“ - Кавадарци

### Цели на проектот:

- Вмрежување на чинителите од земјоделскиот сектор во руралните средини (земјоделци, преработувачи, туристи, угостители, купувачи, сертификационо тело, тренери итн.)
- Развивање на концепт кој ќе обезбеди враќање на традиционалниот начин на одгледување на земјоделските култури, со сорти и видови кои се автохтони и адаптирани на микроклиматските услови кои постојат во руралните области на Тиквешкиот Регион.
- Обука за производство на органски производи.
- Обезбеден пласман на земјоделските култури во преработувачки капацитети.



### Активности:

Во рамките на проектот „Фер кон природата“ беа одржани повеќе обуки за промовирање на техниките на органското производство. Беа направени неколку теренски посети на органски фарми кои беа издвоени како добри примери за сертифицирани органски производители. И како краен продукт беше изработено упатство за органско производство, кое беше промовирано во рамките на овој проект.

# Фер кон природата





Во рамките на програмата за ре-грантирање на проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население", здружението на граѓани „Ековита" и здружението на производители на органска храна „Биовита" го спроведуваат проектот „Фер кон природата", поттикнати од поволните услови за развој на органското производство кои постојат во Тиквешкиот регион. Здруженијата започнаа со активности во месецот август, кога ги мапираа постоечките 18 органски производители од регионот и евидентираа 19 потенцијални производители, обезбедувајќи ги потребните информации за селекција на 10 земјоделци кај кои се имплементираше органското производство и се подготвија да поминат низ процесот на контрола и сертификација. Беа вклучени земјоделци со растително, сточарско и пчеларско производство од селата: Корешница, Челевец, Тимјаник, Марена, Бегниште.





Проектот реализираше повеќе работилници и обуки, почнувајќи од месецот октомври, кога беа организирани работилници во с. Бегниште на тема „ Основи на органското производство„ и во Неготино во Агенцијата за вработување на тема „ Основи на органското производство и услови за самовработување во земјоделската дејност". Во ноември во с. Марена беше реализирана работилница на тема „Основни принципи на органскотот производство" - во мала приватна винарија, со акцент на регулативи и специфични барања на стандардот за органско производство на винско грозје и органско производство на вино и безалкохолни пијалоци од грозје.

Во декември, проектот спроведе обука на тема " Техники на одгледување на специфични земјоделски култури според принципите на органското производство", наменета за 10-те земјоделци кои го применија органскиот начин на производство и кај кои се подготвува документитацијата потребна за спроведување на стручната контрола и сертификација.

Како резултат на успешното спроведување на проектните активност, 10 земјоделци од Тиквешкиот регион добија сертификати за органско производство. Сертифицирани се 4,33 ха лозови насади, 1,09 ха лековити и ароматични билки, 71 грло говеда, 36 пчелни семејства и една мала семејна винарија која произведува вино и сок од грозје.

# Руралните општини и жителите взаемно ја градат довербата и животот во локалната заедница




„Рурална Коалиција" со завршниот настан на 26.12.2018 ги заокружи активностите на проектот **„Руралните општини и жителите взаемно ја градат довербата и животот во локалната заедница"**, кој што го реализираше во партнерска соработка со здружението „Полимат 13" од Богданци, во рамки на програмата за ре-грантирање на проектот „Националниот рурален парламент како глас на руралното население". На завршниот настан беа презентирани клучните поенти од стратегиите за соработка помеѓу граѓанските организации и месните заедници кои што беа изработени за општините Кривогаштани и Богданци. Ова се првите рурални општини во Македонија кои имаат вакви стратегии.



# Стратешки развој на руралниот туризам

Здружението на граѓани „Рурална Коалиција, месецот јули го одбележа со завршен настан на проектот “**Стратешкиот развој на руралниот туризам – основа за комплементарно поврзување и надополнување на индустриската политика и одржливиот развој на РМ“,** финансиски поддржан од Фондацијата YES Network+, претприемачки сервис за млади. Во рамки на настанот беше презентирана првата веб платформа на која што ќе може да се најдат над 120 капацитети, коишто нудат туристички услуги во рурални средини во Р. Македонија. Исто така, беше изработен и мониторинг извештај за ефектите од спроведувањето на Националната стратегија за рурален туризам 2012-2017 година со препораки што треба да се земат во предвид при изготвувањето на наредната стратегија за рурален туризам. Платформата беше преземена и од страна на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, па оттука, капацитетите коишто нудат туристички услуги во руралните средини може да се најдат на следниве линкови:

http://rural.mk/%D1%80%D1%83%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D1%82%D1%83%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC/ и https://macedonia-timeless.com/eng/plan_yourtrip/getting_around/accomodationrural/





# Програмата за рурален развој по терк и мерка на земјоделецот

„Рурална Коалиција“ на крајот на месец јули 2018 година, на заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, г-динот Благе Цветковиќ му ја предаде„Програмата за рурален развој по терк и мерка на земјоделецот“. Програмата беше изработена преку претходен консултативен процес којшто траеше повеќе од една година и се реализираше во сите 8 плански региони, при што во истиот директно или индиректно беа опфатени повеќе од 1000 земјоделци од сите краеви на Македонија. 800 земјоделци беа директно вклучени во теренско истражување и имаа можност да ги кажат своите ставови и да ја оценат состојбата со здружувањето во земјоделството на локално ниво. Следните чекори во рамки на проектот беа фокус групи и подготовка на прирач-



никот за земјоделство, 8 обуки за лобирање и застапување наменети за земјоделците и реализирани во секој плански регион, како и преземање на локални граѓански иницијативи. На ваков начин се поттикна граѓанскиот активизам, но се зголеми и практичното знаење на земјоделците за учество во процесот на креирање политики и донесување на одлуки, како на локално така и на национално ниво. Резултат беше граѓанската инцијатива „Програма за рурален развој по терк и мерка на земјоделецот", поддржана од 430 земјоделци. Проектот „Јакнење на капацитетите на здруженијата за партиципативно учество во процесот на донесување на јавни документи и политики во земјоделството и руралниот развој" во чии рамки беше изработена иницијативата, беше прогласен за еден од 10-те најуспешни проекти финансирани од Програмата за развој на граѓанското општество на Цивика Мобилитас.

# Преспански Јаболкобер

„Рурална Коалиција" оваа година беше дел од манифестацијата „Преспански јаболкобер" каде учествуваше со своја трибина: „Придобивките и предизвиците од ЕУ ориентирано земјоделство". На настанот, свое обраќање имаше претставникот на ЕУ делегацијата во Македонија, г-динот Самуел Жбогар, кој говореше за земјоделството и придобивките коишто ги добиваат земјоделците од земјите – членки на ЕУ, потоа министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, г-динот Љупчо Николовски кој што фокусот го стави на предизвиците со кои се соочуваат земјоделците и како истите да ги надминат на патот кон европски развиено земјоделство, додека пак професорот Маријан Кипријановски говореше за конкретните аспекти и придобивки од заедничката земјоделска политика кон која што настојува да се прилагоди националната земјоделска политика и рурален развој. Домаќин на трибината беше градоначалникот на Општина Ресен, г-динот Живко Гошаревски.








# Локалната заедница и општината заеднички ја креираат стратегијата за локален економски развој

Заврши процесот на креирање на стратегијата за локален економски развој во рамките на проектот „**Локалната заедница и општината заеднички ја креираат стратегијата за локален економски развој**“, спроведуван од здружението „Рурална Коалиција“, а финансиран од АЛДА. Во рамки на процесот се одржаа три фокус групи во општина Старо Нагоричане со сите засегнати страни во локалната заедница, а финалниот резултат е изработена стратегија за локален економски развој за наредниот тригодишен период. Стратегијата ќе биде усвоена на првата седница на Советот на Општината во месец јануари по што ќе се следува период на запознавање на локалното население по месни заедници со самата стратегија како документ за да се овозможи нејзина полесна имплементација со инволвирање на сите жители од општината.



# Вклучување на родовата перспектива во главните политики на земјоделството и руралниот развој

„Рурална Коалиција“ во партнерска соработка со „Националниот Совет за родова рамноправност“ и со „Здружението за локален и рурален развој“ во рамките на проектот **„Вклучување на родовата перспектива во главните политики на земјоделството и руралниот развој“**, кој што е финансиран од Европската Унија, ја презентираше анализата за состојбата со жените во руралните средини опфаќајќи ја нивната економска, социјална и здравствена состојба, но и достапноста на културниот и социјален живот во средината во која што живеат. Анализата произлезе како резултат на претходно теренско истражување со 600 испитаници (500 жени и 100 мажи), при што резултатите се поразителни и укажуваат на тоа дека треба да се работи уште многу на полето на родовата рамноправност за да жената земјоделка се здобие со статусот кој што го заслужува. За да придонесе во тој дел, „Рурална Коалиција“



започна со организирање на едукативни сесии/тренинзи за повикот од ИПАРД 2, со цел да се мотивираат и охрабрат жените да аплицираат на истиот и тоа да биде еден од начините на кој што ќе придонесат кон сопственото економско јакнење.

# Форуми за дефинирање на приоритети за 2019 година во Општина Пехчево

Во периодот од октомври до ноември 2018 година, како дел од проектот "Заедно за развој на општината" кој го имплементира Здружението за лековити билки и шумски плодови "Амброзија" во партнерство со Општина Пехчево се одржаа три форумски сесии на кои присуствуваа претставици од локалната власт, невладиниот и бизнис секторот како и месните заедници.

Во рамки на прввиот форум, учесниците имаа можност да се запознаат со проектот и со неговите цели во однос на зголемување на партиципативноста на граѓаните, одредување на приоритетите за развој и подобрување на животот во Општина Пехчево, како и со процесот на буџетирање и структурата на Буџетот на Општина Пехчево.

Во рамки на вториот форум, Градоначалникот на Општина Пехчево, г-дин Драган Тренчовски презентираше дел од проектите кои ќе бидат реализирани во 2019 година, истакнувајќи дека покрај овие проекти, како приоритети за реализација ќе бидат и предлозите од граѓаните на општина Пехчево коишто се од особено значење. Учесниците на овој форум беа дел од вкупно шест работни групи. Тие ги презентираа своите предлог проекти, а дел од нив на последниот форум беа влезени на потесната листа за приоритети кои ќе влезат во програмата на Општина Пехчево за идната година.

На третиот форум присутните како членови на тематски групи имаа можност да гласаат за предлог идеите кои произлегоа од претходниот форум. Проектот кој доби најмногу гласови од граѓаните е "Реконструкција на филтер станица со приклучување на таложник". Овој проект е влезен во Годишната програма и во Буџетот на Општина Пехчево за 2019 година.

Проектот "Заедно за развој на општината" е поддржан во рамки на шемата за регрантирање на проектот „Граѓанските организации во служба на локалната демократија" спроведуван од страна на АЛДА, Здружението на финансиски работници на локалните самоуправи и јавните претпријатија и Европското движење на Р.Македонија и финансиски поддржан од Европската Унија. Здружението Амброзија од Пехчево Проектот „Заедно за развој на општината" е имплементиран во рамки на проектот „Граѓанските организации во служба на локалната демократија" спроведен од АЛДА Скопје, Европско движење Македонија и Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија со финансиска поддршка на Европската унија преку ИПА 2 инструментот.





Главната цел на проектот „Заедно за развој на општината", е да се зголеми учеството на јавноста во креирањето на јавните политики на локално ниво во општина Пехчево. За да се постигне оваа цел, активностите се фокусирани кон:

- Зајакнување на капацитетите на претставници на граѓанските организации и месните заедници во општината, за можностите и механизмите за активно учество во креирањето на локални политики;
- Создавање на механизми за одржливи партнерства и финансиска поддршка на граѓанските организации во општина Пехчево;
- Подигање на јавната свест за придобивките од активно учество во процесите на креирање на политики на локално ниво.

# „РАЈОТ ПОСТОИ“ - 15 години „Арт Поинт - Гумно“

www.artpoint-gumno.org.mk

„РАЈОТ ПОСТОИ и тој се наоѓа овде, во Слоештица, Македонија“ - вака напиша Стано Бубан, Професор на ликовната Академија на Братислава за време на својот резиденцијален престој во АРТ ПОИНТ - ГУМНО во 2012-тата година.

Оваа година, „РАЈОТ ПОСТОИ“ е проект што претставува ретроспектива на сè што е направено/постигнато во изминативе 15 години во рамките на меѓународната ликовна резиденција - една од главните програми на меѓународниот центар за уметност и одржлив развој „Арт Поинт - Гумно“. Јубилејот беше обележан со организација на изложби, уметничка резиденција и со публикација на ексклузивен каталог.



Во чест на јубилејот, беа организирани **две ретроспективни изложби** со поставка на дела инспирирани од доживувањата на руралните простори на горен Демир Хисар од по 20-тина избрани уметници од светот (дела од постојаната колекција на центарот):

- Првата беше отворена на 20ти јули во црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во с. Велестово, во рамките на  јубилејното 30-то издание на манифестацијата „Поетска ноќ во Велестово“,
- Втората поставка беше свечено отворена на 27ми октомври, во фоајето на Домот на културата „Илинден“ во Демир Хисар, а во рамки на манифестацијата „Демир Хисар град на култура, 2018“.







Она што го збогати јубилејот и беше финансирано главно од сопствени средства на „Арт Поинт – Гумно“ е **меѓународната уметничка резиденција** што се одржа од 22ри до 31ви август 2018-та. 9 професори и студенти од реномираната школа за фотографии од Либерец, Чешка Република, гостуваа на уметничкото гумно во с. Слоештица и крстосуваа низ селата на Демир Хисар за да ја овековечат магијата на пределот и духот на локалното население, а инспирирани од песната на Петре М. Андреевски „Можев да ти бидам“ - Пофалба на Демир Хисар.



Со поддршка на Министерството за култура на РМ, во декември 2018-та, од печат излезе уникатен **каталог** во кој, освен врвна уметност, е прикажано како, преку уметноста, оживуваат селата, се промовира традицијата, се прошируваат видици и се раѓаат вечни пријателства, се градат мостови меѓу навидум непремостливи јазови, а пред сè, се создаваат културни амбасадори за Македонија.

# Публикација на монографија: „СЛАВЕЊЕ НА ПИРЕЈОТ“

Оваа публикација ја раскажува приказната за животот после смртта на Петре М. Андреевски. Не само на неговиот вечен живот, туку и на животот на целиот регион и жителите - неговата непресушна инспирација. А сето тоа се случуваше благодарение на посветеното славење на пирејот во изминатите 11 години.

Во монографијата, колажно се прикажани 11-те манифестации „СЛАВЕЊЕ НА ПИРЕЈОТ“, преку фотографии од документацијата на „Арт Поинт - Гумно“, а автентично се пренесени и сите беседи за Петре М. Андреевски од еминентни академици, писатели, актери, музичари и др. дејци. Беседите беа стожери на програмските активности на секоја од до сега одржаните манифестации.

# Проект: „Уредување и обележување на „Вечната куќа на Петре М. Андреевски“

Благодарение на симболичната поддршка со средства од буџетот на Општина Демир Хисар за 2018 година, наменети за финансирање на програмски активности на Здруженија на граѓани и Фондации во областите од надлежност на општината, во периодот од јули до октомври 2018-та, „Арт Поинт – Гумно“ подготви патокази и информативна табла за обележување на неколку важни точки поврзани со ликот и делото на Петре М. Андреевски и неговите книжевни хероини. Патоказите и информативната табла ќе бидат свечено промовирани во пролет. Целта на оваа активност е да придонесе кон поддршка на брендот СЛОЕШТИЦА која станува сѐ позначајна туристичка дестинација на национално и меѓународно ниво, а воедно да се мотивира локалното население да промовира и продава свои услуги на туристите.






# „БУДНИ ЛИ СТЕ?“

FB: #budniliste

Од 17-ти септември, тимот на „Арт Поинт - Гумно“ од с. Слоештица започна имплементација на проектот: „Природата предупредува – активности на заедницата за заштита на биодиверзитетот“

Проектот се спроведува благодарение на поддршката од фондот за клима при Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, а во соработка и координација со општина Демир Хисар и ЈКП Комуналец, Демир Хисар.

Главна цел на проектот е да придонесе за ублажување на влијанието на климатските промени преку:

- Подигање на јавната свест за врската помеѓу климатските промени и состојбата со животната средина, со фокус на биолошката разновидност и Агендата 2030 за одржлив развој (Регионална конференција за носители на одлуки од пелагонискиот регион, на тема: „Што им оставаме на идните генерации: ПРИРОДА или ОТПАД“, 1ви ноември, Демир Хисар; активна ФБ страна; размена на искуства; печатење промотивни материјали);
- Споделување информации за добри практики и практична, пилот имплементација на know-how за управување со органски отпад во регионот на Општина Демир Хисар (практично компостирање на 15 пилот локации во општина Демир Хисар);
- Поддршка на општината во нејзините напори да воспостави интегриран систем за управување со цврст отпад со главен фокус на пластика со цел да се спречи ослободување на POPs (пр.: поставување на џамбо вреќи за собирање на ПЕТ амбалажа и едукативна кампања за жителите на општината).










# Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри / FRET-STIC“

На 26.12.2018, здружението на граѓани ЦеПроСАРД, ја прослави 10 годишнината од своето постоење и успешно работење. Во мај годинава, здружението започна со спроведување на двегодишниот проект “Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри / FRET-STIC“, финансиран од Европската Унија. Партнери во овој проект се Општина Тетово и Regional Development Agency South, Косово.




Проектот има за цел развој и промоција на локалниот и регионалниот туризам преку иновативни пристапи. За остварување на таквата цел, проектот креира стратешки алатки кои ќе овозможат подобро разбирање на барањата на посетителите, истовремено служејќи како механизми за зајакната регионална соработка помеѓу различни аспекти на индустријата, владините институции, бизнис секторот и граѓанските организации. Како резултат се очекува зголемување на туристичкиот потенцијал, прилагоден на потребите на целните групи.




**Специфични цели:** Воспоставување на мрежни паметни туристички информативни центри (STIC), со капацитет за собирање, користење и создавање на знаења за потенцијалите на туризмот во Шарскиот регион; подобрено разбирање и промоција на туристичките потенцијали на прекуграничниот регион, со употреба на современи е-системи и меѓусебна соработка.



**Таргет групи**: општините, владините агенции надлежни за регионален развој, туризам и култура; граѓанските организации; малите и средни претпријатија; кластери за туризам; стопанската комора и туристички информативни центри.

**Активности:** - Воспоставување на мрежни паметни туристички информативни центри (STIC) со примероци на бизнис процеси; Дизајнирање на стандардизирани деловни процеси и програми за обука, со цел подигнување на квалитетот на туристичките услуги; Дигитално мапирање на инфраструктура и настани поврзани со руралниот туризам во прекуграничниот регион на Шара: патеки и означување

на културно наследство, сместувачки капацитети, ресторани, други значајни туристички локалитети, фестивали, традиционални настани; Креирање на прекугранични промотивни материјали; Заеднички прекугранични настани за споделување и промоција на резултатите од проектните активности.

**Очекувани резултати:** - Воспоставени и функционални Мрежни паметни туристички информативни центри; Водење на заедничка платформа базирана на стандардизирани деловни процеси и на постојните концепти за туристички информациони системи; Дизајнирани деловни процеси за ефективно и ефикасно опслужување на туристите преку STICs, како и собирање податоци за нивното однесување и преференци; Обучен персонал од двете страни на регионот за работа во STICs; Креирана дигитална матрица на обележана туристичка инфраструктура и настани во Шара, вклучувајќи означени пешачки патеки, сигнализација, сместување, ресторани, други значајни туристички локалитети и настани. Дигиталната матрица ќе биде користена на iTOP за да се создадат туристички производи за прекуграничниот регион.

Во октомври, во хотелот „Скардус“ на Попова Шапка, во рамки на проектот се одржа првиот консултативен состанок со чинителите на кој проектот беше претставен со презентации од трите проектни партнери „ЦеПроСАРД“ од Скопје, „RDA-South“ од Призрен и Општина Тетово. Истиот ден, се одржа и првиот состанок на Насочувачкиот Комитет. Во изминатиот период во Призрен беше одржана средба за избор на најповолен понудувач за изведба на објектот за STIC во Косово, што е дел од планираните активности во проектот за креирање на стратешки алатки кои ќе овозможат подобро разбирање на барањата на посетителите, истовремено служејќи како механизми за зајакната регионална соработка.





# Акцелератор на знаење за мали и средни претпријатија



Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија (ФЛОРИТ) во партнерство со Организација на жени од Штип, го спроведува проектот „Акцелератор на знаење за мали и средни претпријатија (МЕКА)", финансиран од Европската Унија преку Националната програма за транзициска помош и институционална надградба 2013, Инструментот за претпристапна помош (ИПА), EuropeAid/138-495/ID/ACT/MK.

Во изминатите шест месеци беа спроведени дел од активностите предвидени во проектот. Во четири плански региони беа успешно реализирани дискусии на фокус групи со цел надминување на главните пречки и потреби на микро и малите претпријатија со основање на „Акцелератор на знаење за МСП (МЕКА)". Фокус групите дискутираа во насока на идентификување на главните бариери со кои се соочуваат микро и малите претпријатија во Источниот, Југоисточниот, Скопскиот и Вардарскиот регион, како и идентификување на потенцијални услуги од страна на Акцелераторот на знаење за МСП (МЕКА). Дискусијата на фокус групите резултираше со заклучоци и можни бариери кои треба да ги надминат микро и малите претпријатија.

Во ноември 2018, беше одржана работилница во Гевгелија со цел информирање на присутните за спроведените активности во изминатиот период и презентација на анализата од прашалникот и поединечните интервјуа. На работилницата учествуваа претставници на микро, мали и средни претпријатија, професори од факултет, бизнис асоцијации и невладин сектор.

Изработена е и веб страната на проектот „МЕКА" http://meka.mk/, која постојано се ажурира со реализирани активности, нови информации, и вести кои се реализираат во рамки на проектот.



# Е-Рурален Маркет

Локалната акциска група Беласица – Огражден, во соработка со здружението ЦЕОР Иловица, создадоа интернет платформа и мобилна апликација со наслов Е-Рурален Маркет, како електронска алатка за развивање на бизнис во рурална средина, која служи за промоција и продажба на земјоделски и занаетчиски производи, агромеханизација, ракотворби, сместувачки капацитети во руралните средини итн.

Релевантни податоци за развој на формата и можностите што ги нуди оваа интернет платформа и мобилна апликација, беа обезбедени преку првичната анализа спроведена на територијата на ЛАГ Беласица – Огражден. Преку оваа анализа беа добиени податоци за бројот на земјоделските стопанства, рибарските здруженија, кооперативи и активни чинители од овој сектор, пчелари, занаетчии, угостители, туристички понуди, археолошки локалитети, културни манифестации и заштитари на националните блага. Воедно, се добија информации за проблемите со кои се соочуваат целните групи при пласманот на своите производи.










Оттука, целта на овој проект беше решавање на проблемот со пласман на земјоделските производи, шумските плодови и билки, мед и производи од мед, занаетчиски производи, како и презентација и промоција на туристичкиот потенцијал, културното и автохтоно богатство на териториите на општините Босилово, Василево, Ново Село и Струмица.

Проектните активности беа во насока да овозможат: унапредување на животниот стандард на луѓето, поттикнување на стопанските активности, отворање на нови работни места, безбедна и зачувана животна средина, одржливо и рентабилно земјоделско производство и развој на руралниот туризам.

Овој проект е во директна корелација со Стратегијата за локален развој на ЛАГ Беласица – Огражден, која има три стратешки цели:

1. Зголемување на конкурентноста во земјоделството, втемелено врз создавање на вредности со стратешки партнерства и деловна соработка;
2. Развој на оддржлива разнообразна рурална економија на регионот - одржливи стопански и еко-социјални субјекти;
3. Унапредување на квалитетот на живот на населението на територија на ЛАГ-от.

Проектот беше поддржан преку Грантовата програма за изградба на капацитетите и застапување кај граѓанското општество во рамки на регионалниот проект АЛТЕР – Активни локални територии за економски развој на руралните области, финансиран од Европската комисија.

Национален рурален парламент како глас на руралното население

е - билтен
бр.17
Јануари 2019

# Како до подобро искористување на ИПАРД фондовите

Здружението на земјоделски производители „Агропродукт“ од Штип, како носител на проектната иницијатива за подобро искористување на ИПАРД фондовите од страна на земјоделците, поддржана од регионалниот проект АЛТЕР – Активни локални територии за економски развој на руралните области, во изминатите 6 месеци активно работеше на информирање и едуцирање на земјоделците за ИПАРД фондовите. Во таа насока, „Агропродукт“ одржа повеќе информативни и едукативни средби, советувања наменети за земјоделците, од ридско-планинските села во општините: Штип, Карбинци, Радовиш и Конче, како потенцијални корисници на средствата од ИПАРД.



Дополнително, на барање на компаниите од регионот, на 20-ти ноември, беше организиран информативен настан на тема„ИПАРД 2 – Европски пари за агробизнисите“, во соработка со Регионалната комора со седиште во Штип и Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделството во Штип и Карбинци.



Како резултат на соработката помеѓу„Агропродукт“ и здружението на граѓани „Рурална Коалиција“, беа организирани два настани: „Традиционалните вредности на регионот - можност за етно туризам“ (јули 2018) и „Земјоделците и земјоделското законодавство за подобро искористување на субвенциите“ (октомври 2018).





# Активности на ЗУР „АРТИ КРАФТ„-Скопје



Во периодот од јули до декември 2018 година членовите на здружението на уметници ракотворци „АРТИ КРАФТ„- Скопје земаа активно учество на повеќе трибини, семинари, обуки, работилници и тркалезни маси. Ваквите настани, покрај можноста за стекнување на нови знаења, организацијата ги искористи и за самостојна промоција и презентирање на активностите кои ги спроведуваат.



Членовите на здружението исто така учествуваа на повеќе манифестации во земјава и во соседните држави каде ги презентираа активностите на здружението и ги изложија изработените ракотворби.

Во месец јули претставници на здружението земаа учество на ЛОКУМ ФЕСТ во Битола и етно фастивалот во Пехчево во чест на верскиот празник Павловден.

Во месец август, ЗУР „АРТИ КРАФТ" ги претстави своите ракотворби на неколку домашни и странски манифестации. Најпрвин во Косовска Грачаница, потоа во Берово на манифестацијата „Малешевијата на дланка" и од 24-29 август на студиско патување во Р. Хрватска заедно со Здружението на жени во бизнисот на Р.Македонија. На ова студиско патување се посетија градовите: Вуковар, Загреб, Оточац, Сињ, Сплит и Дубровник. При ова студиско патување здружението воспостави идна соработка со здружението „Гачанка" од Оточац.



Во месец септември здружението учествуваше ма денови на културното наследтсво во Гнилање-Косово и во Приштина. Веќе трета година по ред здружанието „АРТИ КРАФТ„ во чест на 8-ми Септември ја организира манифестацијата „Да го зачуваме нашето национално богатство". Манифестацијата се одржа од 5 до 7 Септември во Н.У. Музеј на Македонија во Скопје.



Во наредните месеци здружението зема активно учество во неколку манифестации како што се: Одбележувањето на Меѓународниот ден на рурална жена на 15 октомври и тридневната стопанска, културна, туристичка и етно манифестација посветена на денот 13ти Ноември, на која учествуваа голем број уметници, стопанственици, занаетчии од Косово, Србија, Албанија и Црна Гора.

Традиционално и оваа година, „АРТИ КРАФТ" го организираше новогодишниот базар, овој пат во периодот од 10 декември до 7 јануари 2019 на плоштадот во Скопје.

# Одбележување на Меѓународниот ден на руралната жена

По повод одбележувањето на Меѓународниот ден на руралната жена, кој што се прославува на 15 октомври, Мрежата за рурален развој на РМ и Националната федерација на фармери, во партнерство со Факултетот за земјоделски науки и храна, организираше настан посветен на улогата на жените во руралните области и нееднаквоста и предизвиците со кои се соочуваат. Настанот го поддржа Шведскиот центар за соработка We Effect и UN Women – канцеларија на ОН за родова еднаквост и зајакнување на жените во Скопје. Настанот беше организиран во Етно село, Кучково, близу до Скопје, а на него учествуваа околу 150 земјоделки, жени од руралните области, граѓански организации и претставници од централната и локалната власт, а се дискутираше за предизвиците и како да се подобри социјалниот и економскиот статус на жените во руралните области.














Национален рурален парламент како глас на руралното население

е - билтен
бр.17
Јануари 2019

# Да зборуваме за климатските промени

Проектот „Да зборуваме за климатските промени“ се стреми да ги мобилизира граѓаните, заедниците во земјата преку нивна едукација за она што значат климатските промени, нивните последици, меѓутоа и како секој од нас влијае врз климатските промени, што може секој од нас да направи за да ги ублажи нивните последици и како да ги пренесеме овие информации во нашите заедници со цел да предизвикаме промена.

Граѓанските организации се нашиот глас пред политичките лидери и токму затоа овој проект се стреми да ги зајакне и обедини граѓанските организации од земјата во насока на зголемување на нивното учество во креирањето амбициозни политики за ублажување на климатските промени. Како дел од проектот „Да зборуваме за климатските промени“ во последните 3 месеци беа спроведени 8 обуки наменети за граѓанските организации од земјата активни во секторите животна средина, рурален развој, шумарство. Целта на обуките беше подигнување на капацитетот на граѓанските организации за поуспешно и поефикасно работење на организациите, меѓутоа и подигнување на капацитетите на ГО за разбирање на климатските промени и комуницирање на оваа проблематика со пошироката јавност.

Крајна цел на проектот „Да зборуваме за климатските промени“ е да создаде национална коалиција за клима чии членки ќе бидат силни и добро информирани граѓански организации способни да ги пренесат пораките од своите заедници до политичките лидери. За таа цел на 26-ти декември 2018 година, се одржа првата тркалезни маса од вкупно осум, на која се водеа подетални технички дискусии во врска со улогата на граѓанските организации во работата на тема климатски промени во различни сектори. Се разгледуваа сите сектори кои се од значење за националните придонеси кон климатските промени (NDC's). Присутните граѓански организации донесоа едногласен заклучок дека е потребно формирање на коалиција за клима во земјата која би работела на подигнување на свеста за климатските промени во сите релевантни сектори.

Како земја во развој која нема доволно финансиски средства да се справи со последиците од климатските промени ние сметаме дека потребно е меѓусебно слушање и активна соработка помеѓу граѓаните, граѓанскиот сектор, приватниот сектор, институциите и политичките лидери во насока на амбициозна




акција за ублажување на климатските промени во нашата земја. Токму затоа коалицијата за клима ќе работи на следните прашања:

- Да се подигне јавната свест и разбирање на оваа тема, така што граѓаните ќе дејствуваат за решавање на проблемите.
- Да се иницираат дискусии на локално и национално ниво во однос на клучните приоритетни климатски прашања, така што климатските активности ќе бидат добро насочени и значајни.
- Застапување за интегрирање на климатските промени како меѓусекторска тема во сите секторски планови и програми, така што ќе се земат во предвид климатските аспекти и ќе бидат вклучени на синхронизиран и усогласен начин.

Проектот „Да зборуваме за климатските промени“ е финансиран од Европската Унија и го спроведуваат Еко-свест, CNVP и ДЕМ. Сите тековни активности можете да ги следите и да се информирате за климатските промени со #ДаЗборувамеЗаКлима на социјалните мрежи или да ни пишете на elena@ekosvest.com.mk.

# Зголемена учество на членовите на мрежата за рурален развој за остварување на стратешките цели на мрежата

Годишното Собрание на Мрежата за рурален развој на Република Македонија (МРР) се одржа во Струмица на 21 и 22 септември. Оваа можност за средба на 31 претставник на 27 организации – членки на МРР на РМ се искористи за членството да може да земе поголемо учество во подготовката на Стратегијата на МРР што ќе го опфаќа периодот 2019 – 2022 г. Консултантот поттикна корисна дискусија меѓу членовите на МРР во врска со главните прашања и можностите во рамките на мрежата. Како резултат на дводневните активности беа дефинирани стратешките приоритети, како и нацрт верзии на стратегијата и акцискиот план на мрежата.







Мрежата за рурален развој на Република Македонија подетално ја разви својата тематска работа којашто ја заснова на следниве три стратешки цели:

- Застапување пред носителите на политики, коишто ги штитат и унапредуваат правата и интересите на руралното население, и коишто придонесуваат кон еднаков и одржлив развој во руралните области;
- Вмрежување и остварување соработка со надворешните организации и чинители (вклучително и со медиумите) со цел размена на искуства и добра пракса, како и унапредување на правата и интересите на корисниците;
- Изградба на сопствените капацитети и капацитети на членовите, како и зајакнување на работните постапки, со цел да се зголеми ефикасноста и ефективноста на работата.

Тематското работење во МРР во пракса се спроведува преку пристапот озгора-надолу при што мрежата ги гради своите пристапи кон руралниот развој преку активно учество на своите членови и другите релевантни чинители во руралните области, со цел да ги оствари своите стратешки цели. Преку тематското работење се создаваат тематски работни групи составени од клучни чинители на руралниот развој, се организираат семинари и работилници, се подготвуваат тематски публикации и други информативни материјали.

Преку тематското работење има треба да се исполнат следниве цели:

- Идентификување на клучните приоритети и предизвици што можат да се спроведат преку стратегијата и акцискиот план на МРР;
- Споделување на искуствата што доведуваат до успех, како на пр. корисни мерки, алатки и пристапи.

МРР ја подели својата работа на четири главни теми, а од секоја од нив се фокусира на посебни под-теми, коишто претходни ги дефинираа членовите на МРР.

Првата средба на тематската група за „Социјална инклузија,“ под-група „Рурална младина“ се одржа на 15 декември со присуство на 22 претставници на граѓански здруженија – членки на МРР. Во текот на средбата беа претставени голем број податоци од голем број претходно спроведени истражување, поврзани со нивото на вклученост на младите луѓе во работата на граѓанските здруженија и нивната вклученост при донесување на политиките на локално ниво.

На 25 декември, започна со работа и една друга под-група од истата тематска група, насловена „Родова еднаквост“. Првата средба на оваа тематска група се одржа во присуство на 22 претставници од 14 граѓански здруженија – членки на МРР.

Во рамките на двете тематски групи беа избрани координатори и известувачи. Во текот на следната година ќе се формираат и останатите тематски групи на МРР.

Овие активности што придонесуваат кон градењето на капацитети на Мрежата за рурален развој финансиски ги поддржа „We Effect.“












Национален рурален парламент како глас на руралното население

е - билтен
бр.17
Јануари 2019

# Младите од руралните средини за интеграција на Македонија во ЕУ

Во втората половина од 2018 год. проектот *Младите од руралните средини за интеграција на Македонија во ЕУ*, интензивно работеше на мотивирање и зајакнување на свеста кај младите за потребата и моќта на нивното активно придонесување кон успешна евроинтеграција на Република Македонија. Во таа насока беа организирани 5 работилници за врсничка едукација во Штип, Пехчево, Делчево, Струмица и Кочани, на кои присуствуваа вкупно 136 млади луѓе од регионот. На овие настани претставниците на младинските организации од источниот и југоисточниот плански регион кои поминаа низ обука за вредностите на ЕУ и процесот на интеграција на Македонија ги споделија стекнатите знаења со своите врсници. Покрај пренесување на стекнатите знаења, младите обучувачи ги практикуваа стекнатите способности за презентирање, за директна едукација и панелна дискусија со младите од својот регион.

Во текот на Октомври 2018 година, проектот одржа 5 работилници во средните училишта во Источниот и Југоисточниот регион и тоа во Штип, Радовиш, Струмица, Берово и Гевгелија. Целна група беа ученици од четврта година и други заинтересирани млади кои беа информирани преку локалните партнерски организации. Работилниците вклучуваа модератор од Младинскиот Совет на Македонија кој преку соодветни алатки ги едуцираше младите за социјална вклученост, младински политики, постоечки домашни и ЕУ програми наменети за младите во Македонија, можностите за вработување и други полезни информации во врска со младинскиот активизам. Учесниците имаа можност до сите релевантни институции како што се владата, општината, училиштето, родителите и другите чинители да состават кратки пораки со сугестии за подобрување на некој аспект од нивниот живот и секојдневието.

На 11-ти и 12-ти Декември 2018 во Штип и Струмица се одржаа регионални форуми за кариерно советување за младите. На форумите присуствува повеќе од 130 млади од источниот и југоисточниот плански регион, како членови на невладини организации така и ученици од средни училишта, локални јавни институции, претставници на бизнис секторот и други. Експерти од Мрежата за рурален развој на Хрватска и претседателот на Српската мрежа за рурален развој презентираа примери за вработување, вмрежување и информирање на руралното население преку проекти за рурален туризам и производство на храна каде се спојуваат можностите на луѓето од повеќе соседни села за зголемување на понудата и конкурентноста. Исто така беа презентирани предностите за апликанти до 40 години возраст за мерките во националната програма за рурален развој и ИПАРД програмата. Во вториот дел претставници на Националниот совет на млади во Македонија (НМСМ) ја презентираа државната програма за младинска гаранција, како и практични примери од нејзиното спроведување во пилот подрачјето во Струмица.





# ЕУ поддржува промоција на зелена економија во балканските земји

Регионалниот проект „Вмрежување и застапување за зелена економија“, финансиран од ЕУ, започна во април 2018 година. Овој три годишен проект применува широк партиципативен пристап со голем број чинители со цел да го промовира и да го олесни воведувањето на концептот на зелена економија, како и да го поддржи приближувањето кон Заедничката земјоделска политика на ЕУ (ЗЗП), особено во областа на заштита на животната средина и одржлив развој. Главниот спроведувач на проектот е Мрежата за рурален развој на Република Македонија, додека партнери на проектот се Хрватската мрежа за рурален развој, Албанската мрежа за рурален развој, Мрежата за рурален развој на Црна Гора, Мрежата за рурален развој ан Србија, Мрежата на организации за рурален развој ан Косово и Мрежата за рурален развој на Босна и Херцеговина.

„Зелената економија има за цел да ги намали ризиците по животната средина и еколошките недостатоци и се стреми кон одржлив развој без деградирање на животната средина. Заради ова, ќе работиме на развој на капацитетот и ќе обезбедиме под-грантови за грасрут граѓански организации со цел да спроведеме пилот проекти за зелено претприемништво, преку кои ќе покажат дека одржливоста е возможна паралелно со грижата за животната средина и социјалната одговорност“ рече Петар Ѓоргиевски, Директор на проектот „Вмрежување и застапување за зелена економија“.

Со цел да се зајакнат капацитетите на грасруг ГО во нивната генеричка работа, во текот на периодот септември - ноември 2018, проектот организираше три обуки на обучувачи на регионално ниво, кои ги покрија следните теми: транспарентно и отчетно владеење; планирање и известување и финансиски менаџмент; и финансирање на диверзификацијата. Со оваа активност партнерите на проектот „Вмрежување и застапување за зелена економија“, ќе бидат сигурни дека како членови на БМРР имаат опсежно знаење и вештини за генерички менаџмент, кој пак може да се пренесе на терен (грасрут) но и да се мултиплицира во сите активности и идни акции што во иднина ќе ги спроведува БМРР.





По оваа обука, обучувачите започнаа со пренос на стекнатото знаење на грасрут организации на национално ниво, со цел да ги развијат нивните капацитети и да обезбедат дека менаџерските капацитети не се пречка што ќе ги елиминира граѓанските иницијативи и што ќе го попречува спроведувањето на успешни проекти за зелено претприемништво како дел од програмата за под-грантирање. Во 6 од земјите што го спроведуваат проектот, првата низа обуки се спроведе во текот на ноември и декември 2018 година. Процесот на пренос на знаење ќе продолжи во следната година преку организирање обуки во секоја земја и покривање на остатокот од темите и тоа планирање и известување и финансиски менаџмент; и финансирање на диверзификацијата.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

# Развој на капацитетите на Балканската мрежа за рурален развој со цел да стане отчетен актер за развој на одржливи рурални области во регионот на Западен Балкан

Со поддршка на We Effect, Балканската мрежа за рурален развој активно работи на развој на своите капацитети со цел да стане отчетен актер за развој на одржливи рурални области во регионот на Западен Балкан. Во текот на периодот меѓу септември и октомври, Мрежата за рурален развој на Република Македонија, како координатор на активностите кои ги поддржува We Effect, изработи нацрт верзија на Статутот на БМРР, за која се дискутираше на средба организирана во Скопје на 13 и 14 декември. Претставници на мрежите за рурален развој на Србија, Македонија, Босна и Херцеговина, Албанија, Косово и Црна Гора се сретнаа на работилницата со цел да дефинираат финална верзија на Статутот на БМРР, која во иднина ќе послужи за процесот на формализација на БМРР.





Мрежата за рурален развој на Република Македонија ги презентираше активностите планирани за следната година како дел од поддршката на We Effect за развој на капацитетите на БМРР, како и на другите раководни и извршни тела. Во септември се формираше тело за родова еднаквост, како советодавно тело во рамките на БМРР, при што шест од номинираните членови за ова тело се сретнаа во Скопје и дискутираа за идното функционирање на стратегијата на БМРР: вметнување на родовата еднаквост во главните активности во рамките на БМРР како трансверзален стратешки приоритет што ќе се применува врз секој од стратешките приоритети на БМРР.



Консултантот ангажиран за спроведување на проценката за потребите од обука на членовите на мрежите на БМРР ги сподели своите првични наоди од проценката. Според утврдените потреби, активностите ќе се планираат кон изградба на капацитетите на организациите членки на БМРР.

Во текот на дводневната работилница, членовите на БМРР иницираа плодна дискусија во однос на организациската структура и одредбите за членство. Се очекува во текот на 2019 година БМРР да го дефинира својот Статут и постапки за функционирање на управните и извршните тела.



# Собир на ПРАПАРЕ

Собирот на ПРЕПАРЕ е главниот годишен настан на Мрежата ПРЕПАРЕ, кој секој пат се организира во различна земја. Овогодинешниот собир се организираше од 30 октомври до 1 ноември во Пеќ, Косово. На настанот учествуваа претставници на организациите членки на ПРЕПАРЕ и членовите на Балканската мрежа за рурален развој – БМРР, кои се партнери во регионалниот проект АЛТЕР. Тие се состанаа за да разменат информации и едни од други да се информираат со заедничка цел: да придонесат кон вмрежувањето за одржлив рурален развој.

Собирот започна со патувачки работилници за учесниците да се запознаат со работата и активностите на некои земјоделци и поединци вклучени во земјоделски и сточарски активности во некои рурални места во Косово. Сесијата за отворање на собирот беше посетена од страна на Министерот за земјоделство, шумарство и рурален развој на Косово, претставници на Канцеларијата на Европската Унија во Косово, како и други учесници од владините институции и организации од граѓанското општество. Министерот на панел дискусијата ја престави генералната состојба на руралната заедница во Косово и ја нагласи примената на програмата за рурален развој како добра можност за поддршка на активностите на сите кои инвестираат во развојот на руралните области. Во текот на работилниците, учесниците поделени во работни групи дискутираа за теми поврзани со пристапот ЛЕАДЕР, изградбата на капацитетите и одржливоста на мрежата ПРЕПАРЕ, улогата на ГО во политиките за рурален развој. На крајот од секоја сесија, секоја група ги презентираше клучните исходи од дискусијата.

Еден од најважните заклучоци на Собирот е заедничката посветеност на сите учесници да инсистираат на уште поголемо зајакнување на соработката помеѓу чинителите од граѓанското општество, вклучително и мрежите и организациите во регионот/Европа, преку застапување пред јавните институции да ја подобрат поддршката за рурален развој, што од своја страна ќе има ефект врз подобрување на квалитетот на живот на руралната заедница.

# Форум за политиките за рурален развој на земјите во Југоисточна Европа 2018

Форумот за политиките за рурален развој на земјите во Југоисточна Европа 2018, фокусиран врз „Диверзификација на економските активности во руралните области и улогата на ГО во поддршка на диверзификацијата“ се одржа во Јахорина, Босна и Херцеговина, на 16, 17 и 18 октомври 2018. Тој беше организиран од страна на Балканската мрежа за рурален развој и Развојната фондација на Турција во рамките на проектот АЛТЕР – Активни локални територии за економски развој на руралните области. Учениците на ФПРР 2018 исто така имаа можност да учествуваат и на Форумот за земјоделски политики (ФЗП) 2018 „Земјоделска политика: одредница за регионален рурален развој и ЕУ перспективите на ЈИЕ“, организиран од страна на Регионалната постојна работна група (ПРГ) во ЈИЕ.









Форумот за политиките за рурален развој на земјите во Југоисточна Европа 2018 послужи како платформа за дијалог за перспективите на диверзификација на економските активности во руралните области на земјите од ЈИЕ и даде можности за дијалог меѓу сите релевантни чините. По споделувањето на искуствата од диверзификацијата на економските активности во руралните области на земјите од Западниот Балкан, Турција и ЕУ, учесниците се поделија во три работни групи за следните теми:

- Диверзификација на економските активности во руралните области – како да се воспостави околина што стимулира;
- Улогата на организациите од граѓанското општество во поддршка на диверзификацијата на економските активности во руралните области;
- Социјалното претприемништво како можност за поддршка на диверзификацијата на економските активности во руралните области и поддршка на вработувањето на маргинализираните групи.

Со секоја од овие теми, групите утврдија клучни прашања и проблеми, дадоа соодветни препораки за политиките поврзани со диверзификација на економските активности во руралните области на регионот. На крај, учесниците на ФПРР 2018 имаа можност да учествуваат на пленарната седница на Форумот за земјоделски политики (ФЗП) 2018 со можност да придонесат со препораки за политиките.